# ЗАПИСНИК

од 18-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
4 октомври 2023, Скопје

**<u>Присутни</u>**: Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Александар Нанчев (со овластување од Костадин Костадинов, Градоначалник на Општина Струмица), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Аццо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје), Изабела Павловска (Претседател на совет на Општина Крива Паланка), Вене Тасев (Секретар на Општина Бутел).

**<u>Дискусија</u>**:

На оваа седница Управниот одбор расправаше по следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување на состојбата со распределените блок и наменските дотации;
2. Разгледување на иницијативата за организирање на "Генералка викенд 2024"
3. Разгледување на иницијативата на Transport Community – Заложба за позелена иднина – Декларација за возење велосипед како одржлив начин на транспорт;
4. Разгледување на Предлог измени на Законот за безбедност во сообраќајот;
5. Разно.

***

ПРВА ТОЧКА: Разгледување на состојбата со распределените блок и наменските дотации

Претседателот на ЗЕЛС ги информираше присутните за случувањата кои следеа по достават на поканата за оваа седница на Управниот одбор, а поврзани со оваа точка на дневниот ред. Претседателот на ЗЕЛС писмено се обрати до Претседателот на Собранието и координаторите на пратеничките групи во Собранието со барање да се заложат за соодветно обезбедување на финансиски средства во постапката на донесување на ребалансот на буџетот за сите вработени во општинската администрација чие финансирање се врши со блок или со наменски дотации. Акцент беше ставен на состојбата со пожарникарите, кои беа заборавени во оваа постапка. Претседателството на ЗЕЛС оствари средба со Министерот, г. Фатмир Бесими на која беше разговарано за овие прашања, од каде на ЗЕЛС му беше дадено ветување дека со ребалансот на буџетот (во предлог - фаза) ќе бидат предвидени 30 милиони денари наменети за покривање на расходите за исплата на разликата во платата настаната со зголемувањето врз основа на Закон и исплатата на регрес за годишен одмор, кој е задолжителен согласно Закон. Исто така од страна на Министерството за финансии беше укажано и дека со истиот предлог за ребаланс на буџетот ќе бидат обезбедени дополнителни 30 милиони денари средства за вработените во противпожарните единици, кои не примаат плати од наменската дотација.

Останатите присутни отворија дискусија во однос на средствата за образование. Претседателот на Комисијата за следење на финансирањето на системот на локалната самоуправа, градоначалникот на Општина Радовиш извести дека методологијата за пресметка и исплата на дотациите во образованието не е помината на оваа Комисија, дека методологијата (формулата) на пресметка и распределба на средствата е променета и со истата дотациите во образованието ќе се пресметуваат по ученик, а постои и голема веројатност дека голем број на училишта поради недостаток на деца ќе мора да бидат затворени.

Присутните беа информирани дека со измените на прописите кои се однесуваат на извршување на буџетот, согласност за нови вработувања нема да бидат потребни, почнувајќи од 1 јануари 2024. ЗЕЛС изготви анализа на бројот на актуелно вработени пожарникари, број на вработени кои се исплаќаат од средствата ана дотацијата и оние чии плати се надоместуваат од буџетот на општината.

Дел од членовите укажаа на лошата состојба со реализација на проектите од средствата согласно Законот за рамномерен регионален развој, дека Националниот совет за регионален развој не се состанал за да се донесе Одлука за прифаќање и усвојување на проектите. Забелешките беа и дека одредени региони преку лобирање обезбедиле повеќе средства и повеќе проекти на штета на останатите региони, заради што беше изразено големо незадоволство поради недостаток на објективен критериум на распределба на средствата.

Беше предложено ЗЕЛС активно да се вклучи во утврдувањето на предлог – ребалансот на буџетот, а уште од сега да се започнат преговори и за буџетот во следната календарска година. Генерално беше нагласен проблемот со комуникација со Владата, а како пример беше посочен текстот на Предлог – Меморандумот за соработка кој е усогласен веќе една година, па од тогаш ЗЕЛС не е поканет од страна на Владата истиот да биде потпишан, а потоа и да се отпочне со негова реализација.

ЗАКЛУЧОК: ЗЕЛС упатува барање до Владата за итна средба поврзана со прашањето на финансирањето на општините по сите основи, а особено прашањата за финансирањето на образованието, противпожарната заштита, финансирањето на рамномерниот регионален развој итн. како можност дел од средствата да се предвидат и со ребалансот на буџетот или да се земат во предвид при подготовка на буџетот за следната 2024 г.

ВТОРА ТОЧКА: Разгледување на иницијативата за организирање на “Генералка викенд 2024“

Присутните беа запознати со иницијативата “Генералка викенд 2024“ која има спроведено успешни активности во неколку општини, а барањето до ЗЕЛС е оваа иницијатива да биде прифатена, за итото да бидат известени сите општини и да бидат на овој начин поттикнати да се приклучат кон истата. Организацијата која ја спроведува оваа активност предвидува два настани, а тоа е собирање на отпад и смет, па за секоја одредена количина на смет и собран отпад да се обезбеди и соодветен број на садници од Македонски шуми кои со акција во посебен ден би биле подоцна и засадени. Искуството на општините во кои е веќе спроведена акцијата “Генералка викенд“ укажува дека станува збор за темелно и неколку – дневно чистење на територијата на целата општина, а овој факт е за поздравување.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор на ЗЕЛС ја прифаќа иницијативата „Генералка викенд 2024“ и ги повикува општините во кои оваа активност не е спроведена истата да ја спроведат со поддршка од организацијата која ја доставува оваа иницијатива до ЗЕЛС.

ТРЕТА ТОЧКА: Разгледување на иницијативата на Transport Community – Заложба за позелена иднина – Декларација за возење велосипед како одржлив начин на транспорт;

На иницијатива на организацијата Transport Community – до ЗЕЛС беше доставена содржина на Декларација за возење велосипед како одржлив начин на транспорт, која е потпишана од 13 земји членки на ЕУ.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор на ЗЕЛС ја прифаќа Декларацијата за возење велосипед како одржлив начин на транспорт, а истата ќе биде потпишана во форма предложена од огрнаизациајта Transport Communituy

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Разгледување на Предлог измени на Законот за безбедност во сообраќајот

Пред присутните беа изнесени и предлог измените на Законот за безбедност во сообраќајот, кои произлегоа од извршената анализа изготвена од проект на Светската банка околу состојбата на безбедноста во сообраќајот. Согласно постоечкиот закон, Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот треба да ја финансира работата на локалните совети, меѓутоа, во пракса тоа не функционира поради малите ресурси со кои располага Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот. Во општините каде што има локален совет за безбедност во сообраќајот, работата на советот се финансира од општинскиот буџет. Сепак, ова финансирање е недоволно за спроведување на посериозни мерки и активности. Од друга страна, има општини кои со многу скромни средства обезбедуваат континуитет во работата на општинскиот совет за безбедност во сообраќајот. Недостасува финансирање и и рамноправна распределба на ресурси на локално ниво. Беше заклучено Предлогот на измени на Законот за безбедност во сообраќајот да се достави до сите општини со цел, општинските служби да дадат соодветни забелешки во рок од седум дена, кои потоа ќе бидат сублимирани и разгледани од страна на ЗЕЛС .

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор ја задолжува стручната служба на ЗЕЛС да го достави текстот на предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност во сообраќајот, а општините имаат рок од 7 дена да ги достават своите забелешки и коментари.

ПЕТТА ТОЧКА: Разно.

1. Одлука за зголемување на платата на вработените во стручната служба на ЗЕЛС.

   Заради усогласување со зголемувањето на платата во јавната администрација, платата на вработените во стручната служба на ЗЕЛС се зголемува за 10%.

   ОДЛУКА: Управниот одбор донесе Одлука за зголемување на платата на вработени во стручната служба на ЗЕЛС за 10% во однос на платата исплатена за месец септември, а зголемувањето да се пресмета при исплата на платата за месец октомври 2023 г.

2. Дискусија во однос на неконтролирана експлоатација на песок.

   Согласно Законот за минералните суровини дозволена е концесија за експолатација на песо. Заради евиденција на количините на експолатирана маса, која се преточува во износот на средства која општината го добива врз основа на Закон согласно надоместокот кој го исплатува концесионерот, општините немаат надлежност врз основа на Закон да вршат никаква контрола врз експлоатацијата на минералните суровини на своето подрачје.

   ЗАКЛУЧОК: Управнит одбор на ЗЕЛС заклучи дека ова прашање ќе биде дискутирано на средбата со Владата за која ќе биде доставено барање од страна на ЗЕЛС.

3. Дискусија во однос на проблемите со Министерството за внатрешни работи поврзани со надлежностите во сообраќајот

   Присутните беа запознати со проблемите со кои се соочуваат општините при барање на согласности за поставување на пречки за ограничување на брзината на улиците, каде од Министерството за внатрешни работи, како надлежен орган не се издаваат согласнисти за локации кои се огромна потреба на граѓаните заради заштита од брзо и непрописно возење на возачите, а особено во близина на училишта и градинки.

   ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор го задолжува ЗЕЛС да изготви текст на иницијатива за изменување на прописите со кои оваа надлежност ќе се утврди како надлежност на единиците на локалната самоуправа.

Скопје, 4 октомври, 2023 г.

Составил,
Стручната служба на ЗЕЛС

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Орце ЃОРЃИЕВСКИ**